REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 05-1882/1
25.04.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-1832/2 од 24.04.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18-та седница одржана на 24.04.2025 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година, бр.05-1135/1 од 20.03.2025 година.

Вкупно планираните расходи според Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година остануваат на претходно утврденото ниво, односно изнесуваат 202.429.722,00 денари.

2. Со ребалансот од точка (1) на оваа Одлука се обезбедуваат финансиски средства наменети за:
   - исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците мај и јуни 2025 година и
   - исплата на јубилејна награда за две вработени лица во Агенцијата.

За исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците мај и јуни 2025 година се обезбедуваат вкупно средства во износ од 2.100.000,00 денари, додека за исплата на јубилејна награда за две вработени лица во Агенцијата потребните средства во вкупен износ од 100.000,00 денари, се обезбедуваат со прераспределба од една на друга позиција во рамките на иста групна ставка.

3. Обезбедувањето на финансиските средства од точка (2) на оваа Одлука се изврши со измена на следните позиции:
   - Групната ставка **414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** се зголеми за 2.100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 9.995.000,00 денари, изнесува 12.095.000,00 денари. Овие средства во износ од 2.100.000,00 денари, се наменети за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците мај и јуни 2025 година. Средствата во износ од 100.000,00 денари наменети за исплата на јубилејни награди за две вработени лица во Агенцијата, се обезбедија со прераспределба од една на друга позиција во рамки на оваа групна ставка, односно:
   - Позицијата **414800 – Јубилејни награди** се зголеми за 100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 145.000,00 денари, изнесува 245.000,00 денари, а
   - Позицијата **414900 – Други надоместоци** се намали за 100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.500.000,00 денари, изнесува 5.400.000,00 денари.
   - Позицијата **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** се зголеми за 2.100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 4.350.000,00 денари, изнесува 6.450.000,00 денари. Овие средства се наменети за месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците мај и јуни 2025 година.

   - Групната ставка **460 – Вкалкулирани плати** се намали за 2.100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 103.246.722,00 денари, изнесува 101.146.722,00 денари;
   - Позицијата **460000 – Нето плати и надомести на плати** се намали за 1.370.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 67.478.612,00 денари, изнесува 66.108.612,00 денари;

- Позицијата **460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати** се намали за 142.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.859.029,00 денари, изнесува 6.717.029,00 денари;
- Позицијата **460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** се намали за 394.800,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 19.410.383,00 денари, изнесува 19.015.583,00 денари;
- Позицијата **460310 – Придонес за вработување** се намали за 25.200,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.238.958,00 денари, изнесува 1.213.758,00 денари;
- Позицијата **460320 – Придонес за здравствено осигурување** се намали за 157.500,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 7.743.501,00 денар, изнесува 7.586.001,00 денар и
- Позицијата **460330 – Придонес за професионално заболување** се намали за 10.500,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 516.239,00 денари, изнесува 505.739,00 денари.

4. Оваа Одлука влегува во сила веднаш.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги потребно е да изврши ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, со цел да се обезбедат средства наменети за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците мај и јуни 2025 година, во износ од 2.100.000,00 денари и за исплата на јубилејна награда за две вработени лица во Агенцијата во износ од 100.000,00 денари кои се обезбедуваат со прераспределба од една на друга позиција во рамките на иста групна ставка. За да се обезбедат овие средства се изврши измена на следните позиции во усвоениот Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година и тоа:

Групната ставка **414 – Надоместоци на трошоци на работници и граѓани** се зголеми за 2.100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 9.995.000,00 денари, изнесува 12.095.000,00 денари. Овие средства во износ од 2.100.000,00 денари, се наменети за исплата на месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците мај и јуни 2025 година. Средствата во износ од 100.000,00 денари наменети за исплата на јубилејни награди за две вработени лица во Агенцијата, се обезбедија со прераспределба од една на друга позиција во рамки на оваа групна ставка, односно: Позицијата **414800 – Јубилејни награди** се зголеми за 100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 145.000,00 денари, изнесува 245.000,00 денари, а Позицијата **414900 – Други надоместоци** се намали за 100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 5.500.000,00 денари, изнесува 5.400.000,00 денари. Позицијата **414901 – Други надоместоци – членови на Совет на Агенцијата** се зголеми за 2.100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 4.350.000,00 денари, изнесува 6.450.000,00 денари. Овие средства се наменети за месечен надоместок за членовите на Советот на Агенцијата за месеците мај и јуни 2025 година.

Групната ставка **460 – Вкалкулирани плати** се намали за 2.100.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 103.246.722,00 денари, изнесува 101.146.722,00 денари. Позицијата **460000 – Нето плати и надомести на плати** се намали за 1.370.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 67.478.612,00 денари, изнесува 66.108.612,00 денари. Позицијата **460200 – Персонален данок на плати и надомест на плати** се намали за 142.000,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 6.859.029,00 денари, изнесува 6.717.029,00 денари. Позицијата **460300 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување** се намали за 394.800,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 19.410.383,00 денари, изнесува 19.015.583,00 денари. Позицијата **460310 – Придонес за вработување** се намали за 25.200,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 1.238.958,00 денари, изнесува 1.213.758,00 денари. Позицијата **460320 – Придонес за здравствено осигурување** се намали за 157.500,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 7.743.501,00 денар, изнесува 7.586.001,00 денар и Позицијата **460330 – Придонес за професионално заболување** се намали за 10.500,00 денари и истата наместо досегашниот износ од 516.239,00 денари, изнесува 505.739,00 денари.

Имено, со предложениот ребаланс на финансискиот план за 2025 година, вкупните планирани расходи според планот остануваат на претходно утврденото ниво, односно истите изнесуваат 202.429.722,00 денари.

Следствено на сето погоре наведено, а врз основа на член 8 и член 18 став 1 алинеја 12 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од истиот Закон и член 16 став 1 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-1832/2 од 24.04.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18-та седница одржана на 24.04.2025 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Примерок од Одлуката да се достави до:

- Директорот;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи-Архива.